РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1253

Скопје, 15 јануари 2022 година

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИЈА, ИМУНОХЕМИЈА И СОЦИЈАЛНА ФАРМАЦИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ –Фармацевтски факултет – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 10.11.2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: фармацевтска хемија (30600), имунохемија (30605) и социјална фармација (30615), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр.02-791/12 од 10.12.2021, донесена на II седница на 10.12.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Љубица Шутуркова, редовен професор на Фармацевтскиот факултет, УКИМ, Скопје, д-р Александар Димовски, редовен професор на Фармацевтскиот факултет, УКИМ, Скопје и д-р Елена Трајковска Докиќ, редовен професор на Медицинскиот Факултет, УКИМ, Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: фармацевтска хемија, имунохемија и социјална фармација, во предвидениот рок се пријави д-р Александра Грозданова.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката Александра Грозданова е родена на 4.02.1974 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование. Во учебната 1992/1993 година се запишала на Фармацевтскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, каде што дипломирала во јуни 1998 година. Од септември 1998 година започнува со волонтирање на Институтот за фармацевтска хемија, во 1999 година е избрана за помлад асистент, а од септември 2000 година е вработена на Фармацевтскиот факултет во Скопје. По завршувањето на едногодишен стаж, во 1999 година го положила стручниот испит при Фармацевтската комора и се здобива со лиценца за работа.

Во учебната 2000/2001 година се запишала на втор циклус студии на интердисциплинарните постдипломски студии од областа на молекуларната биологија и генетскиот инженеринг при Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. На 20.1.2003 година го одбранила магистерскиот труд под наслов „Дизајнирање и синтеза на олигосахариди вакцини за Vibrio cholerae“ и се стекнала со звањето магистер на науки од областа на молекуларната биологија и генетското инженерство, дисциплина – молекуларна фармација. Во јуни 2003 година е избрана за асистент по групата предмети: Основи на молекуларна биологија со генетика и Имунологија со имунохемија.

Александра Грозданова во 2003 год. престојувала на стручно усовршување во период од 2 месеца во истражувачкиот центар на Светската здравствена организација во Лозана, Швајцарија (EU WHO training center, Special programme for research and training in infection disease, Lauzanne, Swicerland), во рамките на програмата за инфективни заболувања и вакцинација.

Во периодот од 2002 до 2005 год. ја реализира здравствената специјализација од областа на испитување и контрола на лекови на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Во март 2006 година, со одбрана на специјалистичкиот труд под наслов „Испитување и контрола на лекови со биолошко потекло”, се стекнала со звањето специјалист по испитување и контрола на лекови.

Во 2006 година, во рамките на проектот „Реконструкција на фармацевтската едукација во Република Македонија“ (TEMPUS проект, CD_JEP-18016-2003), во траење

од шест месеци остварила студиски истражувачки престој на Одделот за имунологија при Универзитетот во Стокхолм, Шведска (Department of Immunology, Stockholm University, Stockholm, Sweden). Во рамки на овој престој започнала со дел од истражувањата за докторските студии во областа на имунохемијата.

Во периодот од декември 2006 до февруари 2007 година, кандидатката ја завршила обуката за акредитирани едукатори во рамките на проектот „Управување со здравствениот сектор”, реализиран од Министерството за здравство на Република Македонија, со што се стекнала со звањето акредитиран едукатор и ментор при Фармацевтската комора на Република Северна Македонија.

Кандидатката во 2008 година пријавила тема за изработка на докторски труд под наслов „Молекуларна карактеризација на липополисахаридите од Campylobacter jejuni и нивна асоцираност со појава на Guiilain Barre синдром”, а во февруари 2012 година ја одбранила својата докторска дисертација.

На 4.VII 2012 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, избрана е во звањето доцент по групата на предмети: Фармацевтска хемија, Социјална фармација и Имунологија со имунохемија. Рефератот за избор во звањето доцент е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1033 од 15.3.2012 година.

Д-р Александра Грозданова, како стипендист на владата на Соединетите Американски Држави, во 2014/2015 година, во рамки на програмата Fulbright Scholar, остварила постдокторски студии на MCPHS University и Harvard Pilgrim Medical School, во Бостон, САД. При овој студиски престој поминува турнус на Brigham and Women’s Hospital, Бостон, САД, а со свои семинари учествува и на Division of Pharmacoepidemiology and Pharmacoeconomics, при Harvard Medical School и Harvard Pilgrim Health Care Institute, Бостон, САД.

На 21.4.2017 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, избрана е во звањето вонреден професор по областите: фармацевтска хемија, фармакоинформатика и социјална фармација (Одлука за избор бр. 02-255/3).
Во моментот е со звање – вонреден професор, во кое е избрана во март 2017 година. Последниот реферат за избор во звањето вонреден професор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1142 од 15.3.2017 година.

Д-р Александра Грозданова е избрана за национален координатор за имунизација на Република Северна Македонија со решение на Владата на Република Северна Македонија бр. 40-4989/1 (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102, од 7 мај 2021).

На 8.10.2021 година, д-р Александра Грозданова е избрана за раководител на Институтот за фармацевтска хемија на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Одлука бр. 13-609/11).

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## НАСТАВНО-НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА

### ***Наставно-образовна дејност***

Д-р Александра Грозданова континуирано и активно е вклучена во изведувањето на дел од теоретската настава од интегрираните прв и втор циклус студии на студиската програма Магистер по фармација, прв и втор циклус на студиската програма Лабораториски биоинженери и прв и втор циклус на студиската програма Диететика и диетотерапија. Исто така, учествува во реализацијата на дел од наставните содржини и

предмети во рамки на втор и трет циклус студии кои се изведуваат на Фармацевтскиот факултет.

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Институтот за фармацевтска хемија при Фармацевтскиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Александра Грозданова изведува настава и вежби на студиската програма Магистер по фармација од прв и втор циклус интегрирани студии, по предметите: Фармацевтска хемија, Клиничка фармација и Социјална фармација и методологија. Во рамки на прв и втор циклус на студиската програма Лабораториски биоинженери, д-р Александра Грозданова изведува настава и вежби по предметите: Микробиологија со имунологија и Имунолошки и микробиолошки методи во контрола на лекови. Во студиската програма Диететика и диетотерапија, д-р Грозданова учествува во наставата на предметите Исхрана и епидемиологија и Имунологија за диететичари.

Покрај наведените задолжителни програми, кандидатката учествува и во реализирање на наставата на изборните предмети предвидени со трите студиски програми.

Во рамките на вториот циклус студии, кандидатката д-р Александра Грозданова учествува во реализација на теоретската настава на втор циклус студии на студиските програми: Фармацевтска регулатива, Здравствен менаџмент и фармакоекономија и Индустриска фармација. Кандидатката учествува како едукатор и ментор во здравствени специјализации по: Испитување и контрола на лекови, Клиничка фармација, Фармацевтска технологија и Аптекарско работење. Кандидатката учествува и во реализација на програмата од трет циклус – докторски студии во следниве предмети: Социјална фармација, Развој и примена на фармацевтска пракса и Клиничка фармација.

Кандидатката дава особен придонес во континуираната здравствена едукација (здравствени специјализации), а нејзиниот ангажман е во здравствената едукација на дипломирани фармацевти и магистри по фармација согласно со предвидената програма за стекнување на лиценца за самостојно вршење на здравствена дејност.

Кандидатката била ментор на 15 дипломски, 7 магистерски и 5 специјалистички труда. Д-р Грозданова била ментор на три специјалистички труда од областа на здравствените специјализации испитување и контрола на лекови. Учествува како член во комисија за оцена/или одбрана на повеќе магистерски, специјалистички и докторски трудови, како и член на комисија за оценка на семинари на докторски студии. Во моментот, д-р Грозданова е ментор на три кандидати на трет циклус – докторски студии. Кандидатката е коавтор на учебникот „Правата на интелектуалната сопственост во фармацијата“.

Комисијата за самоевалуација на Фармацевтскиот факултет ги разгледа резултатите од спроведените анкети на студентите и врз основа на анализите на добиените резултати, заклучи дека вонр. проф. д-р Александра Грозданова е континуирано позитивно оценувана со високи просечни оценки.

***<u>Научноистражувачка дејност</u>***

Како резултат на нејзината досегашна научна работа, како автор и коавтор, д-р Александра Грозданова има објавено повеќе од 30 научни и стручни трудови, во земјата и во странство, од кои 5 научни статии во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 10 статии во меѓународни списанија и 4 статии во зборници од научни собири. Сите овие трудови се објавени по изборот во звањето вонреден професор.

Научноистражувачката дејност на д-р Грозданова е насочена во областа на биолошките лекови и вакцините, фармацевтската регулатива и фармацевтската дејност, а со свои трудови учествува на семинари, конгреси и конференции од оваа област.

Д-р Александра Грозданова била национален раководител и учесник на 3 меѓународни научни проекти, а учествувала и како член во 5 национални научни проекти.

Како учесник се јавува во проектите: „Повреда на правото на индустриска сопственост преку фалсификување на фармацевтски производи: анализа на меѓународната и националната регулаторна рамка“ и „Градење на национална стратегија за борба против фалсификувањето на лекови“. Била член на Научниот одбор на 7. Конгрес по фармација во Република Северна Македонија со меѓународно учество во 2020 година и член на стручен и организациски одбор на 5. Конференција ,,Правата на интелектуална сопственост во фармацијата-актуелни трендови и предизвици,, која се одржа во Скопје, 2017 година.

Во периодот од нејзиниот избор во звањето вонреден професор, д-р Александра Грозданова е раководител и учесник во повеќе национални и меѓународни научни проекти од областа на имунизацијата. Д-р Александра Грозданова, како национален координатор по имунизација, активно учествува на голем број работилници и семинари од областа на вакцините и имунизацијата.

Д-р Грозданова е шеф на Националната делегација на Северна Македонија во КОВАКС-механизмот (COVAX Facility, global project for procurement of COVID-19 vaccines, во период од август 2020 до денес). Кандидатката е главен истражувач и претставник од Република Северна Македонија на проектот: Joint cross-border collaboration on influenza vaccine procurement in SEEHN member states (project of SECID - Southeast European Centre for Surveillance and Control of Infectious Diseases, во периодот од 2019 до 2020 година). Како претставник на Националниот комитет за имунизација на Република Северна Македонија, д-р Грозданова учествува во меѓународниот проект „Истражување за знаења ставови и практики на здравствени работници во врска со вакцинација против сезонски грип“, заеднички проект на Институтот за јавно здравје, Скопје, Република Северна Македонија, и Центарот за заразни болести, Атланта, САД (CDC, USA), поддржан од Министерството за здравство на Република Северна Македонија, во 2019 година.

Како активен учесник и предавач, д-р Грозданова и во 2020 и во 2021 година е дел од четвртиот и петтиот симпозиум на тема „Новини во алергологија и клиничка имунологија“, во организација на Здружението за алергологија и клиничка имунологија при Македонското лекарско друштво. Во декември 2021, кандидатката го координира националниот проект за вклучување на фармацевтите во справување со пандемијата на КОВИД-19 преку активности и едукација на Македонското фармацевтско друштво. Д-р Грозданова е член на научниот одбор на Симпозиумот за КОВИД-19, организиран од Македонското лекарско друштво во декември 2021 година (Одлука бр.03-113 од 19.10.2021).

***Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес***

Д-р Александра Грозданова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Центарот за испитување и контрола на лекови, во Центарот за биомолекуларни фармацевтски анализи и во Националниот фармакоинформативен центар при Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Кандидатката е член на повеќе научни и професионални организации, и тоа: Македонско фармацевтско друштво (член на управен одбор), Фармацевтска комора на Македонија (член на Комисија за признавање на професионална пракса изведена во странство), Македонско лекарско друштво, Институт за акредитација на Република Северна Македонија (член на совет и на технички комитет за медицински лаборатории), член на регионалната работна група за КОВИД-19 вакцинација, при Светската здравствена организација – Европа регион, за 2020 и 2021 година. Член е и на регионалниот огранок на Интернационалното здружение за фармакоекономија и исход од терапија (ИСПОР). Како меѓународен експерт, член е на групата на експерти за биолошки лекови во Европскиот директорат за квалитет на лекови (EDQM) во Стазбург, Франција.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во:

- EU WHO training center, Special programme for research and training in infection disease (Лозана, Швајцарија, 2003 година);
- Одделот за имунологија при Универзитетот во Стокхолм, Шведска (Department of Immunology, Stockholm University, 2006 година);
- MCPHS University и Harvard Pilgrim Medical School, Бостон, САД (Fulbright Scholar, Boston, USA postdoc, 2014/2015 година);
- WHO Regional training on vaccines and immunization (Виена, Австрија, 2016 година);
- Vaccine Procurement Forum UNICEF (Копенхаген, Данска, 2018 година);
- Planning and forecasting of vaccine supply on national level (Тбилиси, Грузија, 2019 година).

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Како надворешен експерт, д-р Грозданова е ангажирана за изработка на стручни експертски мислења од страна на Агенцијата за лекови и медицински средства (МАЛМЕД) и како дел од следниве комисии:

- Комисија за подготовка на Правилникот за добивање на одобрение за ставање на лек во промет, МАЛМЕД, претседател, 2015 година;
- Комисија за разгледување на стручни прашања од областа на биолошки сличните лекови, МАЛМЕД, претседател, 2016 година – во тек;
- Комисија за проценка на документација и подготвување на стручни мислења, МАЛМЕД, член 2016 година – во тек;
- Комисија за гранични лекови, МАЛМЕД, член, 2015 година – во тек.

Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Фармацевтската комора и Министерството за здравство, и тоа:

- Комисијата за полагање на стручен испит, Фармацевтска комора, член, 2016 година – во тек;
- Комисијата за признавање на професионален стаж, Фармацевтска комора, член, 2019 година – во тек;
- Национална комисија за имунизација, Министерство за здравство, претседател, 2018 година – во тек;
- Национална работна техничка група за КОВИД-19-вакцинација, Министерство за здравство, претседател, 2020 година – во тек;
- Национален координатор за имунизација на Република Северна Македонија, 2021 година – во тек.

Кандидатката се има стекнато со компетентност за оценувач при акредитирање на лаборатории за тестирања и калибрација, инспекциски и сертификациони тела (ИСО/ИЕЦ 17025, ИСО/ИЕЦ 17020, ЕН 45011), а во септември 2012 и со компетентност за оценувач при акредитирање на лаборатории за медицински и биохемиски тестирања (ИСО/ИЕЦ 15183).

Како претставник на Република Северна Македонија во 2018 и 2019 година, учествувала во регионалната експертска група на југоисточна и централна Европа во Скопје, Белград и Загреб (South Eastern and Central Europe Pertussis Expert Network, SPEN) и во работата на SECID - Southeast European Center of Infection. Во ноември 2019 учествувала на семинар на експерти VaxExcel 2019 (Changing the European landscape in influenza vaccination) при Институтот „Пастер“ во Парис, Франција.

Д-р Грозданова, од 2016 година, е дел од Комисијата за имунизација при Министерството за здравство, а во 2018 година е избрана за претседател на оваа Комисија. Од 2020 година е член на Националната техничка група за КОВИД-19-вакцинација, при Министерство за здравство. Во мај 2022 година е избрана за национален координатор за имунизација на Република Северна Македонија. Кандидатката учествувала во подготовка на националниот план за КОВИД-19-вакцинација за 2021 и за 2022/2023 година. Од посебно значење се активностите на

кандидатката како сертифициран тренер во делот на имунизацијата во рамки на кои заедно со Светската здравствена организација, УНИЦЕФ и Министерството за здравство, има подготвено и реализирано повеќе едукативни модули и обуки за превентивните вакцинални тимови, матичните и семејните лекари и фармацевтите во делот на квалитетот и безбедноста на вакцините.

На анонимно спроведените анкети на студентите на Фармацевтскиот факултет во Скопје, каде што ја изведува наставата и врз основа на анализите на добиените резултати, кандидатката е континуирано позитивно оценувана со високи просечни оценки.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Александра Грозданова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Александра Грозданова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и општите акти на Универзитетот и на Факултетот, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во наставно-научните области: фармацевтска хемија, имунохемија и социјална фармација.

Како резултат на погоре наведеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет, д-р Александра Грозданова да биде избрана во звањето редовен професор во наставно-научните области: фармацевтска хемија, имунохемија и социјална фармација.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Љубица Шутуркова, с.р.**
**Проф. д-р Александар Димовски, с.р.**
**Проф. д-р Елена Трајковска Докиќ, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Проф. д-р Александра Грозданова
**Институција:**
Фармацевтски факултет
**Научна област:**
**ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИЈА, ИМУНОХЕМИЈА И СОЦИЈАЛНА ФАРМАЦИЈА**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: фармацевтска хемија, имунохемија, социјална фармација; поле: фармација; подрачје: медицински науки и здравство. | Да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да<br>(образец 2) |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | Да<br>(образец 2) |
| 3.1.1 | 1. Назив на научното списание: Journal of Pharmaceutical Policy and Practice<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus/ PubMed<br>3. Наслов на трудот: Current regulatory approaches for accessing potential COVID-19 therapies<br>4. Година на објава: 2020 May 16;13:16 | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.1.2 | 1. Назив на научното списание: Journal of Pharmaceutical Policy and Practice<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus /PubMed<br>3. Наслов на трудот: The use of remdesivir outside of clinical trials during the COVID-19 pandemic<br>4. Година на објава: 2020 Sep 21;13:61 | |
| 3.1.3 | 1. Назив на научното списание: International Journal of Environmental Reaserch and Public Health<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus /PubMed<br>3. Наслов на трудот: Clinical and Regulatory Concerns of Biosimilars: A Review of Literature<br>4. Година на објава: 2020 August; 17(16):5800. | |
| 3.1.4 | 1. Назив на научното списание: Mediterranean Journal of Hematology and Infectious Disease<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: A Rare Case of Superior Ophthalmic Vein Thrombosis and Thrombocytopenia Following ChAdOx1 nCoV-19 Vaccine Against SARS-CoV-2<br>4. Година на објава: 2021 June Vol 13 No 1 | |
| 3.1.5. | 1. Назив на научното списание: Contributions, Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki)<br>2. Назив на електронската база на списанија: PubMed<br>3. Наслов на трудот: Insight in the Current Progress in the Largest Clinical Trials for Covid-19 Drug Management (As of January 2021)<br>4. Година на објава: 2021, vol.42, no.1, pp.5-18. | |
| 3.1.6. | 1. Назив на научното списание: Clinicoecon Outcomes Res<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Evaluation of statin utilization in the Republic of Macedonia during 2013-2016<br>4. Година на објава: 2018, Jun 26;10:339-347. | |
| 3.1.7 | 1. Назив на научното списание: Contributions, Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki)<br>2. Назив на електронската база на списанија: Medline/PubMed<br>3. Наслов на трудот: Evaluation of Correlation Between the Pharmacogenetic Profiles of Risperidone Treated Psychiatry Patients with Plasma and Urine Concentration of Risperidone and its Active Moiety 9-OH Risperidone Determined with Optimized Bioanalytical LC Method.<br>4. Година на објава: 2018 Dec 1;39(2-3):97-106 | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот: Права на интелектуалната сопственост во фармацијата<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2021 | Да |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен:<br>бр. 1142 од 15.3.2017 година | Да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.
***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

**Рецензентска комисија**

Проф. д-р Љубица Шутуркова, с.р.
Проф. д-р Александар Димовски, с.р.
Проф. д-р Елена Трајковска Докиќ, с.р.

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Проф. д-р Александра Грозданова**
**Институција: Фармацевтски факултет**
**Научна област: фармацевтска хемија, имунохемија и социјална фармација**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава** | **106, 78** |
| **1.1** | **Одржување на теоретска настава – предавања** | **77,4** |
| | **Магистер по фармација – прв и втор интегрирани циклус студии** | **54** |
| | 1. Фармацевтска хемија 2 (6 ЕКТС) 6 * 15 * 0,04 (2017-2021) | 18 |
| | 2. Фармацевтска хемија 3 (10 ЕКТС) 6 * 15 * 0,04 (2017-2021) | 9,0 |
| | 3. Социјална фармација и методологија (3 ЕКТС) 6 * 15* 0,04 (2017-2021) | 12 |
| | 4. Клиничка фармација и терапевтици (10 ЕКТС) 2 * 15* 0,04 (2017-2021) | 6 |
| | 5. Издавање на лекови и комуникациски вештини (5 ЕКТС) 5 * 15* 0,04 (2017-2021) | 3 |
| | 6. Микробиолошки и имунолошки методи во контрола на лекови (5 ЕКТС) 5 * 15* 0,04 (2017-2021) | 6 |
| | **Лабораториски биоинженери – прв циклус** | **12** |
| | 1. Микробиологија со имунологија (6 ЕКТС) 5 * 15* 0,04 (2017-2021) | 6 |
| | 2. Имунолошки и микробиолошки методи во контрола на лекови (5 ЕКТС) 5 * 15* 0,04 (2017-2021) | 6 |
| | **Диететика и диетотерапија – прв циклус студии** | **11,4** |
| | 3. Исхрана и епидемиологија (5 ЕКТС) 5 *15*0,04 (2019-2021) | 6 |
| | 4. Имунологија за диететичари (3 ЕКТС) 3*15*0,04 (2019-2021) | 5,4 |
| **1.2** | **Одржување на практична настава – вежби Магистер по фармација – прв и втор интегрирани циклус студии** | **10,98** |
| | 1. Фармацевтска хемија 2 (6 ЕКТС) 4 * 15 * 0,03 (2017-2019) | 5,4 |
| | 2. Фармацевтска хемија 3 (10 ЕКТС) 6 * 5 * 0,03 (2017 - 2019) | 2,7 |
| | 3. Социјална фармација (3 ЕКТС) 4 * 8 * 0,03 (2017 - 2019) | 2,88 |
| **1.3** | **Одржување на теоретска настава – предавања, втор циклус** | **18,4** |
| | **Втор циклус магистерски и специјалистички студии по здравствен менаџмент и** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **фармакоекономија** | |
| | Фармакоепидемиологија (4 ЕКТС), 120 часа годишно* 0.05 (2017/2018 – 2018/2019) | 3,2 |
